Врз основа на член 11 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/2008, 158/210, 17/2011, 51/2011 и 74/2012), член 13 од статутот на Агенција за катстар на недвижности ("Службен весник на Република Македонија" бр.83/2011), и Барање бр.02-4939/3 од 30.08.2012 година, Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за утврдување на распоредот на работното време во Агенцијата за катастар на недвижности**

**Член 1**

Се утврдува распоредот на работното време во Центарот за катастар на недвижности – Скопје при Агенција за катастар на недвижности:

**1)** За катастарските службеници кои не работат во смени работното време од понеделник до петок е од 08:30 часот до 16:30 часот.

**2)** За катастарските службеници кои се распоредени на работно место во Одделението за шалтерско и архивско работење и општи работи односно вработените кои своите работни задачи ги извршуваат на шалтерите ќе работат во две смени од понеделник до петок и тоа:

а. **ПРВА СМЕНА** од 07:30 часот до 15:30 часот
б. **ВТОРА СМЕНА** од 11:00 часот до 19:00 часот
в. **ПАУЗА I** смена од 11:30 часот до 12:00 часот, **II** смена од 14:30 часот до 15:00 часот
г. **РАБОТНО ВРЕМЕ СО СТРАНКИ** од 08:00 часот до 18:30 часот

**Член 2**

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува од 01.09.2012 година.

**Член 3**

Со стапување во сила на оваа Одлука престануваат да важат Одлуките бр. 02-2754/ од 14.02.2011 година, бр.02-4939/1 од 23.03.2012 година и бр.02-4939/2 од 21.06.2012 година.

ДОСТАВЕНО ДО :
-Центар за катастар на недвижности-Скопје
-Сектор за управување со човечки ресурси
-Сектор за финансиски прашања
-архива

**УПРАВЕН ОДБОР**
**Претседател**

____________________

**Димитар Димовски**